Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје
Технолошко-металуршки факултет

Врз основа на член 110, точка 10 и 21 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018) член 60, точка 10 и 40 од Статутот на Технолошко-металуршки факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, (Универзитетски гласник бр.466/2019) заклучоците на Деканатска управа, Правилникот за начинот на реализација на дејностите наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19, и Уредбата за високото образование донесена од Владата на РСМ, Наставно-научниот совет на Факултетот на 1-та седница ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за доуредување и реализација на дејноста, наставата и наставните активности**

1. Врз основа на Уредбата за високото образование на Владата на Република Северна Македонија и вонредната состојба во државата, мерките што се преземаат заради заштита и спречување на ширење на вирусот Ковид-19,заклучоците донесени на Деканатска управа и Правилникот за начинот на реализација на дејностите наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19, Технолошко-металуршки факултет Скопје ќе продолжи да ја изведува дејноста, наставата и наставните активности согласно техничките можности и условите настанати од вирусот Covid 19.

2.Наставата и другите наставни активности (семинарска работа, домашна работа,проекти) на факултетот ќе се одвива со средства за електронска комуникација.

3.Секој наставник согласно на наставната програма, бројот на студенти и направените консултации со студентите има обврска наставата да ја реализира на најдобар можен начин со средства за електронска комуникација.
Наставниците во реализација на наставата можат да користат : MS Teams платформа,, zoom.uk платформа, електронска пошта (e-mail), skype, Facebook, односно наставата да ја реализираат на начин што одговара најверќе на наставната содржина.

4.Наставникот има право да врши проверка на знаењето со примена на средства за електронска комуникација преку електронска пошта (e-mail) на семинарска работа, домашна работа, проекти.

5.Консултациите помеѓу наставникот и студентот ќе се одвива преку електронска пошта (e-mail) и преку skype.

6.Лабораториските вежби да се реализираат по алтернативен начин во колку тоа го дозволува предметот или истите ќе се реализраат по смирување на ситуацијата во државата со вирусот Ковид 19.

7.Одбрана на дипломска работа и магистерски труд ќе се одвива со средства за електронска комуникација.Доколку одбраната се одложи по барање на студентот крајниот рок е 3 месеци по завршување на кризната ситуација не вклучувајќи го летниот период.

8.Одбрана на докторски труд ќе се одвива со средства за електронска комуникација.Доколку одбраната се одложи по барање на студентот крајниот рок е 3 месеци по завршување на кризната ситуација не вклучувајќи го летниот период.

9.Во летниот семестар студентите нема да полагаат колоквиуми по наставните предмети.

10.Факултетот по завршување на кризната ситуација ќе овозможи во јунска сесија полагање на испити во два термини.

11. Седниците на органите (Наставно-научен совет, институт, колегиум, комисија) на факултетот ќе се одржуваат со примена на средствата за електронска комуникација преку електронска пошта (e-mail) , а на Деканатска управа преку електронска пошта (e-mail) и преку skype.

12.Наставниците можат да продолжат со работата на домашни и во меѓународни проекти со средства за електронска комуникација кои одговараат најмногу за реализација на активностите, по избор на учесниците во проектот.

13. Оваа одлука трае се додека се на сила мерките за заштита.

14. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
-ННС
- а р х и в а
- секретар

**В.д.Д е к а н**
**Проф.д-р Емилија Фиданчевски**

Изработил: Д.Анческа